Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 01-413/1
27.06. 2025 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19 и 110/19), член 76 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.275/19) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 12/20), в.д директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, бр. 01–188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, бр.01-186/2 од 13.03.2019, бр.01-186/6 од 22.04.2019, бр.04-186/12 од 18.07.2019, бр. 01-186/16 од 06.12.2019 година, бр.01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05.01.2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година, бр.01-631/1 од 31.08.2022 година, бр.01-835/1 од 09.11.2022 година и бр.01-174/1 од 29.03.2023 година.

Член 2

Кај работното место под реден бр.4, со назив помлад соработник за општи и нормативно - правни работи, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“**се заменуваат** со зборовите„поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ .

Член 3

Кај работното место под реден бр.6, со назив самостоен референт-архивар, и шифра УПР 01 01 Г01 000, 3 извршители, во делот:

- „Број на извршители“ бројот 3 (три) се **заменува** со бројот 4 (четири),

-во делот „Вид на образование“ за наведеното работно место зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, економија или електротехника“ **се заменуваат** со зборовите „Вишо/ средно образование “.

Член 4

Работното место под реден бр. 5, со назив помлад референт за општи работи, и шифра УПР 01 01 Г04 000, и број на извршители 1 извршител **се БРИШЕ.**

Член 5

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за меѓународна соработка, кај работното место под реден бр. 8, со назив помлад соработник за соработка со странски држави на билатерално ниво, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“ се **заменуваат** со зборовите„поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ .

Член 6

Кај работното место под реден бр.16, со назив самостоен референт-економ, и шифра УПР 01 01 Г01 000, 1 извршител, во делот:

-„Вид на образование“ за наведеното работно место зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија,електротехника,технолигија или машинство“ се **заменуваат** со зборовите „ Вишо/средно образование “.

Член 7

Кај работното место под реден бр.16а, со назив самостоен референт-возач доставувач, и шифра УПР 01 01 Г01 000, 2 извршител, во делот:

- „Број на извршители“ бројот 2 (два) се **заменува** со бројот 1 (еден),

Член 8

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол, по работното место под реден бр.16а со

шифра УПР 01 01 Г01 000 и назив самостоен референт-возач доставувач, се додава ново работното место со реден број 16 б кое гласи

| | |
|---|---|
| **Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор** | |
| **Одделение за поддршка на работата на директорот** | |
| **Реден број** | 16 б |
| **Шифра** | УПР 01 01 Г04 000 |
| **Ниво** | Г4, Помошно стручен IV ниво |
| **Звање** | Помлад референт |
| **Назив на работното место** | Помлад референт – возач доставувач |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол |
| **Вид на образование** | Вишо/средно образование |
| **Други посебни услови** | – поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА";<br>– безбедносен сертификат со степен NATO – Secret и безбедносен сертификат со степен EU - Secret |
| **Работни цели:** | Обезбедување навремен и безбеден превоз, навремено доставување на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации и други пратки од и до Дирекцијата.<br>Спроведување на пропишаните мерки за безбедност при превоз на лица и при пренос и доставување на класифицирани информации до крајните корисници.<br>Грижа и околу возниот парк на Дирекцијата. |
| **Работни задачи:** | – Помага при вршење навремен и безбеден превоз и навремено доставување на НАТО/ЕУ и другите странски и национални класифицирани информации и други пратки од и до Дирекцијата;<br>– Помага при водење помошна евиденција за доставата на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации и го |

| | |
|---|---|
| | информира раководителот на Одделението за извршената работа;<br>– се грижи за спроведување на пропишаните мерки за безбедност при превоз на лица и при пренос и доставување на класифицираните информации до крајните корисници;<br>– Помага при спроведување на инструкциите и налозите на раководителот на Секторот и на раководителот на Одделението кои се однесуваат на преносот и доставувањето на класифицираните информации;<br>– се грижи за одржување на моторното возило со кое работи;<br>– помага околу востановување и ажурирање на евиденција за исправноста, осигурувањето, регистрација и технички преглед на возилата, сервисирањето и употребата на возниот парк на Дирекцијата;<br>– исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае";<br>За својата работа одговара во рамките на своите овластувања |

Член 9

Во член 11 точка Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за странски класифицирани информации кај работното место бр.19а, со назив Помлад соработник за дисеминација на НАТО/ЕУ класифицирани информации, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

- „Вид на образование" за наведеното работно место зборовите „Одбрана, организациони науки и управување и правни науки" **се заменуваат** со зборовите „ Општествени науки - право,економија и бизнис или други општествени науки(одбрана и мир) ".

Член 10

Во член 11 точка Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за персонална безбедност кај работното место бр.25, со назив Советник за безбедносни сертификати за физички лица, и шифраУПР 01 01 В01 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови" се **додаваат** зборовите поседување на „безбедносен сертификат со степен NATO- Secret и безбедносен сертификат со степен EU - Secret.

Член 11

Кај работното место под реден бр.26 со назив Помлад соработник за безбедносни сертификати за физички лица, и шифра УПР 01 01 В04 000, 2 извршители, во делот:

-„Други посебни услови" се додаваат зборовите поседување на „безбедносен сертификат со степен NATO– Secret и безбедносен сертификат со степен EU -Secret.

Член 12

Кај работното место под реден бр.26а, самостоен референт за безбедносни сертификати за физички лица, УПР 01 01 Г01 000, 1 извршител, во делот:

- „Други посебни услови" се **додаваат** зборовите поседување на „безбедносен сертификат со степен NATO– Secret и безбедносен сертификат со степен EU -Secret.

Член 13

Во член 11 точка Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за индустриска безбедност кај работното место бр.29, со назив Советник за безбедносни сертификати за правни лица, и шифра УПР 01 01 В01 000, 1 извршител, во делот:

- „Вид на образование" за наведеното работно место, зборовите „правни науки, одбрана или науки за книжевноста" се **заменуваат** со зборовите „Општествени науки – право или други општествени науки(безбедност или одбрана и мир) ",

-а во делот „Други посебни услови" се **додаваат** зборовите поседување на „ безбедносен сертификат со степен NATO– Secret и безбедносен сертификат со степен EU -Secret.

Член 14

Кај работното место под реден бр.30 со назив Помлад соработник за безбедносни сертификати за правни лица, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови" се **додаваат** зборовите поседување на „ безбедносен сертификат со степен NATO– Secret и безбедносен сертификат со степен EU -Secret.

Член 15

Сектор за информатичка и за физичка безбедност, Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско-информатичка поддршка, работното место под реден бр. 38, со назив помлад референт за безбедносна акредитација, со шифра УПР 01 01 Г04 000, и број на извршители 1 извршител се **БРИШЕ**.

Член 16

Кај работното место бр.42а, со назив Советник за буџетска координација, и шифра УПР 01 01 В01 000, 1 извршител, во делот:

- „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО" се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" .

Член 17

Кај работното место бр.43, со назив Помлад соработник за буџетска координација, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО" се заменуваат со зборовите„поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ СТРОГО ДОВЕРЛИВО".

Член 18

Кај работното место под реден бр.44, со назив самостоен референт-благајник, и шифра УПР 01 01 Г01 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО" се заменуваат со зборовите„поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ СТРОГО ДОВЕРЛИВО"..

Член 19

Во член 11 Надвор од секторите, Одделение за финансиски прашања, по работното место под реден бр.44 со назив самостоен референт- благајник, и шифра УПР 01 01 Г01 000, се додава ново работното место со реден број 44а кое гласи

| **Надвор од секторите** | |
|---|---|
| **Одделение за финансиски прашања** | |
| **Реден број** | 44а |
| **Шифра** | УПР 01 01 Г04 000 |
| **Ниво** | Г4, Помошно стручен IV ниво |
| **Звање** | Помлад референт |
| **Назив на работното место** | Помлад референт – благајник |
| **Број на извршители** | 1 |

| | |
|---|---|
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за финансиски прашања |
| **Вид на образование** | Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование (економско) |
| **Други посебни услови** | Поседување на безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" |
| **Работни цели:** | Спроведување на стручно-оперативни работи поврзани со надлежностите на Одделението во областа на благајничко работење:<br>контрола на документација за готовински трансакции, уплати и исплати и нивна евиденција, подготовка на патни налози и слично. |
| **Работни задачи:** | – Помага при водење на благајничкото работење и сите уплати и исплати и ги книжи во книгата на благајната;<br>– ја предлага висината на благајничкиот максимум;<br>– подига готови пари за намирување на патни налози, готовински сметки, за ситни набавки на материјали и слично;<br>– врши нивна исплата и ги евидентира во книгата на благајната;<br>– ја организира работата на благајната извршува контрола на законитост, точноста и на исправноста на книговодствените исправи и на други парични документи во врска со благајничното работење;<br>– одговара за исправноста благајничното работење, ги применува прописите на благајничкиот максимум, ги предава благајничките документи со книгата на благајната и сметководството во определениот рок и се грижи за обезбедување на готови пари, на девизни средства и за навремено предавање на паричните документи и на налозите во депонентната банка;<br>– составува благајнички налози и други исправи во врска со благајничкто работење, извршува прием и ракува со готовите пари;<br>– подготвува потврди за висината на платите на вработените, по нивно барање извршува пресметување и плаќање на обврските што се на товар н личните и на материјалните расходи. |

| | |
|---|---|
| | – исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае”;<br>– За својата работа одговара во рамките на своите овластувања |

Член 20

Во член 11 Надвор од секторите, Одделение за управување и развој на човечки ресурси кај работното место бр. 46, со назив Советник за координација на човечки ресурси, и шифра УПР 01 01 В01 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“ се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“.

Член 21

Кај работното место бр.46а, со назив Помлад соработник за координација со човечки ресурси, и шифра УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот:

-„Вид на образование“ за наведеното работно место зборовите „организациони науки и управување“ се заменуваат со зборовите „ Општествени науки “.

-кај ‚Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“ се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“.

Член 22

Кај работното место под реден бр.47, со назив самостоен референт за персонална евиденција, и шифра УПР 01 01 Г01 000, 1 извршител, во делот:

-„Вид на образование“ за наведеното работно место зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, право или економија “ се **заменуваат** со зборовите „ Вишо/средно образование “.

-кај ‚Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“ се заменуваат со зборовите„поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“.

Член 23

Во член 12 Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ кај работното место бр.1, со назив Раководител на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на РСМ во НАТО и ЕУ, и шифра УПР 01 01 Б04 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Secret.

Член 24

Кај работното место бр.2, со назив Советник за НАТО класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на РСМ во НАТО и ЕУ, и шифра УПР 01 01 В01 000, 1 извршител, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret се **заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Secret .

Член 25

Кај работното место бр.4, Помлад соработник за дисеминација за НАТО и ЕУ класифицирани информации, УПР 01 01 В04 000, 2 извршители, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Secret.

Член 26

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 27

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за јавна администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

В.Д.ДИРЕКТОР
Стојан Славески